Треба да останеме при констатацијата дека своевременото потпомагање на бугарската теза за Македонија од страна на Москва открива една антиномија на советско-руската политика: противречноста помеѓу хегемонистичката пробугарска руска политика на Балканот од една страна и стремежите на интернационалниот социјализам од друга страна, којшто од Првата балканска конференција на социјалдемократите во Белград во 1910 година и од Лениновото заземање гледиште спрема Балканската војна во есента 1912 година си поставија за цел уредување на една федеративна балканска република во која би се вклучила и Македонија.

Македонскиот случај можеме да го споредиме само со народите на Азија и Африка кои до вчера беа објект на туѓото мешање на власта, а денес се првоборци против хегемонизмот.

Македонскиот феномен не може да се разгледува ако шаблонски се пренесуваат централно-европските категории ниту може да се смета дека таму се врши „повторување на европската историја". Компаративното истражување треба да ги вклучи и искуствата на оваа ноторна лабораторија која се развива пред нашите очи.

Авторот Bernath во оваа статија се осврнува на едно интересно прашање кое досега во науката воопшто не беше третирано а тоа е споредувањето на појавата на македонската нација со другите нации во Западна Европа кои се појавиле од времето на ренесансот. Интересноста на тематиката и посебниот ѝ приод и третман од авторот, ја чинат оваа статија важна за сите оние кои се бават со македонското прашање и со историјата на македонскиот народ.

**А. М.**

## УВОДНИ СТАТИИ ЗА МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ПАРИСКИОТ ВЕСНИК „LE TEMPS" ОД 1903 ГОДИНА

Европскиот печат давал широк публицитет на настаните кои се одигрувале во Македонија во 1903 година. Еден општ приказ на сè тоа многу ќе допринесе тие настани појасно да се согледаат, да им се одреди значењето и да се укаже не само на заинтересираноста на широката читателска публика туку и на ставот и расположението на одделните големи сили. Печатот бил не само регистратор и известувач за настанатите настани туку силно влијаел и на формирањето на јавното мислење. Како тој тоа го исполнувал во Франција и со какви резултати, тоа го прикажавме во нашата статија: „Француското јавно мислење за настаните во Македонија во 1903 година", која е објавена во зборникот „Илинден 1970". По овој случај сакаме да ги регистрираме сите уводни статии за Македонија и македонското прашање, кои ги објавувал познатиот париски дневник „Le Temps" во 1903 година. Тоа го правиме со намера да дадеме еден прилог на општата библиографија од овој вид, а потоа да укажеме на вниманието кое званичната Франција го укажувала на овие настани и каков став спрема нив зазела, зашто тој весник бил полузваничен орган на француската влада. Ограничувајќи се на тоа, изоставена е секоја опширна анализа и коментар кои бараат посебна обработка.

Уводна рубрика на „Le Temps" — со наслов: Bulletin de l'étranger. Под него е насловот кој го третира поставеното прашање, а потоа доаѓа самата статија. Во набројувањето на статиите ќе се постави на овој начин: прво, ќе се наведе бројот и датумот на весникот, потоа насловот на статијата и кратка содржина.

mapoj 15180 од 6 јануари: La question jatcédonienne. — Анализа на ситуацикна и кандидатурата на црногорскиот ез Мирко за гувернер во Македонија. —Број 15186 од 12 јануари: Macédoine. Анализа на политичката ситуација.

Број 15191 од 17 јануари: Turquie. — Анализа на политичката ситуација со заклучок дека македонското прашање станува сé повеќе и повеќе центар на промените на Исток.

Број 15204 од 30 јануари: La crise macédonienne. — Појавата на француската Жолта книга укажува дека е можно да се очекува ново востание во Македонија, кое би можело да предизвика општа војна.

Број 15205 од 31 јануари: Macédoine. — Приказ на внатрешната ситуација и етничките прилики во Македонија.

Број 15216 од 11 февруари: Macédoine. — Француската Жолта книга и политичката ситуација.

Број 15219 од 14 февруари: Macédoine. — Анализа на политичката ситуација во светлината на минатите настани.

Број 15226 од 21 февруари: Turquie. — Ситуацијата и односот на Франција спрема Македонија.

Број 15229 од 24 февруари: Question d'Orient. — Приликите во Македонија во врска со источното прашање.

Број 15230 од 25 февруари: Macédoine. — Анализа на турскиот одговор на руско-австриската нота за реформите.

Број 15231 од 26 февруари: уводна статија во Додатокот на весникот: La Question macédonienne. Un communiqué russe. — Комуникето на руската влада од Петроград од 25 февруари за реформите во Македонија.

Број 15244 од 11 март: Bulgarie. — Приликите и односот спрема Македонија.

Број 15245 од 12 март: уводна статија во Додатокот на весникот Interpellation sur la politique extérieure. — Интерпелацијата на социјалистичкиот пратеник Де Пресансе во француското народно собрание на седницата од 10 март за македонското прашање.

Број 15250 од 17 март: Macédoine. — Напредокот во спроведувањето на реформите.

Број 15252 од 19 март: Orient. — Општата ситуација на Балканот и посебно во Македонија.

Број 15266 од 2 април: Bulgarie, Macédoine et Grèce. — Состојбата во овие земји.

Број 15268 од 4 април: Balkans. — Ситуацијата и потребата да се спроведе европска контрола.

Број 15275 од 11 април: La Roumanie et la question macédonienne. — Романија и македонското прашање.

Број 15287 од 23 април: Peninsule des Balkans. — За приликите на Балканскиот Полуостров.

Број 15296 од 2 мај: Macédoine. — Применувањето на реформните мерки и разоружувањето на Албанците.

Број 15298 од 4 мај: Macédoine. — За атентатите во Македонија.

Број 15307 од 13 мај: Macédoine. — Македонската криза и европската политика.

Број 15315 од 21 мај: La Question de Macédoine. — Новата бугарска влада и податоци за нејзините министри.

Број 15326 од 1 јуни: Bulgarie. — Ставот на новата бугарска влада спрема Македонија.

Број 15332 од 7 јуни: Peninsule des Balkans. — Политиката на бугарската влада на Балканот.

Број 15359 од 4 јули: Question d' Orient. — Анализа на политичката ситуација и вознемиреноста во Македонија.

Број 15384 од 30 јули: Peninsule des Balkans. — Политиката на бугарската влада на Балканот.

Број 15397 од 12 август: L'Insurrection en Macédoine. — Анализа на востанието и убиството на рускиот конзул.

Број 15405 од 20 август: Une situation menaçante. — Опасната ситуација поради турската политика на Балканот и состојбата во Македонија.

Број 15409 од 24 август: En Orient. — Појавата и улогата на руската флота спрема Турција.

Број 15415 од 30 август: En Orient. — Анализа на општата политичка ситуација во врска со настаните во Македонија.

Број 15428 од 12 септември: Macédoine. — Востанието и општата ситуација во Македонија.

Број 15434 од 18 септември: Macédoine. — Политиката на големите сили спрема настаните во Македонија.

Број 15443 од 27 септември: Macédoine. — Коментар за бугарско-турските односи.

Број 15445 од 9 октомври: Peninsule des Balkans. — Преговорите во Мирцштег и дипломатските интриги.

Број 15465 од 19 октомври: Balkans. — Ситуацијата на Балканот.

Број 15471 од 25 октомври: Macédoine. — Стравот од новите погроми во Македонија.

Број 15477 од 31 октомври: Orient. — Анализа на постојната ситуација.

Број 15486 од 9 ноември: Orient. — Анализа на одговорот на Портата на руско-австриската нота.

Број 15491 од 14 ноември: Orient. — Анализа на ситуацијата по турскиот одговор на руско-австриската нота.

Број 15496 од 19 ноември: Macédoine. — Анализа на руско-австриската нота кон Турција и настанатата ситуација.

Број 15507 од 30 ноември: Orient. — Портата и нејзиниот однос спрема Русија и Австрија во македонското прашање.

Број 15536 од 29 декември: Macédoine. — Политиката на реформата.

Le Temps истата година објавил уште единаесет статии за Македонија во вид на репортажи од теренот од еден свој специјален известувач, кој не се потпишал. Статиите се објавени под насловот: A Travers la Macédoine и содржат општественоекономски приказ за состојбата во Македонија. Во нив има интересни забележувања и некои детали, кои ја дополнуваат општата слика за поставеното македонско прашање. Тие статии се објавени по овој ред:

Првата е од 12 март. Испратена е од Битола на 6 март и ги содржи овие наслови: Јавното мислење и реформата. — Вооружените одреди и активноста на револуционерните комитети. — Бавноста на турската администрација. — Разговорот со Риза Паша.

Втората е од 21 март. Испратена е од Скопје на 16 март и говори за Хилми-паша, за неговата работа за приликите во Македонија и реформата.

Третата е од 3 април. Испратена е од Софија со насловот: Кај бугарските револуционери, со поднасловите. „Внатрешната организација" и македонските комитети. — Сарафов и Цончев. — Потоа, во продолжение се зборува за бунтот на Албанците и нивните насилија над Србите на Косово.

Четвртата е од 4 април. испратена од Софија на 28 март со истите наслови како и горните и со поднасловите: Три опасни личности: Михајловски, Татарчев и Радев. — Дали ќе дојде до востание?

Петтата е од 9 април, испратена од Скопје на 5 април и во две колони ја анализира политичката ситуација во врска со реформните обиди.

Шестата е од 14 април, испратена од Скопје на 8 април, со овие поднаслови: Едно попладне во Митровица. — Две земји. — Г. Шчербин. — Митровица.— Третата комисија. — Прошетка низ српскиот кварт во Митровица. — Хетел Ристо.

Седмата е од 18 април, испратена од Скопје на 12 април, пак за приликите во Македонија.

Осмата е од 24 април, испратена од Скопје на 15 април со потпис М.К., што порано не се случувало, и со поднасловите: Суштина на прашањето. — Востанието и сиромаштијата. — Посета на една селска куќа на половина час од Скопје. — Пазарот во Софија.

Деветтата од 30 април е испратена од Скопје на 16 април, со насловот: Суштината на прашањата и со поднасловите: Тешкотии околу спроведувањето на анкетата. — Големите и малите земјишни поседи. — Три начини на експлоатација. — Преобразба на селските поседи.

Десеттата од 5 мај е испратена од Скопје на 16 април, со насловот: Суштината на прашањата и со поднасловите: Неодложни работи. — Предвидувањето на амелиорацијата. — Обврските на едно село. — Буџетот на една фамилија. Во заклучокот се изнесени некои статистички податоци и веста дека Белград е незадоволен што рускиот цар одлучил да го помилува убиецот на конзулот Шчербин, зашто тоа Албанците го сфатиле како и самиот цар од нив да се плаши.

Единаесеттата од 2 јуни говори за настаните во Солун и репресалиите на турските власти.

Со тоа е завршена оваа многу интересна репортажа.

А. Л.